Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
АСЈО
Бр.-Nr. 03-260/1
25.06.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Бр./Nr. 0306-1050/2
25.06 2025 год./viti.
Скопје - Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден __.__.2025 година, помеѓу:

1. **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на булевар „Јане Сандански“ бр. 12 во Скопје, претставувана од директорката **Ирина ТРАЈКОСКА-СТРЕЗОСКИ** (во понатамошниот текст: Академијата) и
2. **Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен,** со седиште на булевар „Гоце Делчев“ број 18, претставувана од претседателот **Илче МУШАРЕВСКИ** (во понатамошниот текст: Државната Комисија).

Член 1

Академијата и Државната Комисијата (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка во полето на обуките, се договорија за следното:

Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на законските надлежности на двете институции, со:

- Организирање обуки, семинари и работилници;
- Овозможување на учество на претседателот и членовите на Комисијата и службениците од Комисијата во активностите на Академијата во делот на обуките организирани од страна на Академијата кои се поврзани со управните постапки и управно – судските постапки.

Член 3

Во рамките на оваа соработка, двете страни активно ќе преземаат иницијатива меѓусебно за идентификување и информирање за можностите и потребите во врска со областите од интерес наведени во овој Меморандум. Редовната комуникација ќе осигури секоја страна да биде запознаена со потенцијалните соработки, овозможувајќи проактивен пристап во постигнувањето на заедничките цели и оптимизирање на придобивките од партнерството.

ACJO
Академија за судии
и јавни обвинители

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

Член 4

Договорните страни се согласни сета писмена комуникација да се смета за уредна доколку е доставена на адресите наведени во воведниот дел на овој Договор и тоа:

**За Академијата:**
Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"
Булевар „Јане Сандански" бр. 12, 1000 Скопје

**За Државната Комисија**:
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
булевар „Гоце Делчев" број 18, 1000 Скопје

Доколку која било од страните ја промени адресата која ја навела како место на достава, а за тоа не ја извести другата страна во рок од 5 (пет) дена, се смета дека доставувањето е полноважно доколку истото е извршено на адресата која е наведена во овој Договор.

Член 5

Академијата и Државната Комисија се согласни на своите веб-страници да објават информации за склучениот Меморандум за соработка.

Член 6

Овој Меморандум не е правно обврзувачки за страните и се заснова на *bona fide* соработка. Евентуалните недоразбирања во однос на извршувањето на одредбите од Меморандумот ќе се разгледаат и ќе се решаваат со заемна согласност од страна на потписниците на Меморандумот.

Член 7

Меморандумот е составен во 4 (четири) истоветни примероци и тоа по 2 (два) примероци за секоја страна потписник.

**Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"**

Директор
**Ирина ТРАЈКОСКА-СТРЕЗОСКИ**

**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

Претседател
**Илче МУШАРЕВСКИ**